# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## јануари 2017

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците

- **Обука за креативни корнери.** Се одржа тридневна обука за креативни корнери на која учествуваа 10 наставници од петте средни училишта од Македонија кои претходно беа обучени и спроведуваа креативни работилници и форум театар методологија. Целта на обуката беше дополнително да се развијат вештините и стручноста на наставниците за тие понатаму да можат да го пренесат стекнатото знаење на учениците во рамки на своите училишта. Наставниците кои ја проследија обуката, во текот на февруари ќе формираат креативни корнери и ќе го водат овој креативен процес со средношколците во своите училишта.
- **Тркалезна маса.** Се одржа тркалезна маса на тема: „Улогата и поддршката на медиумите во унапредувањето на меѓуетничката кохезија и интеграција во училиштата", на која учествуваа триесетина претставници од медиуми, универзитетски професори, експерти од институции и претставници од УСАИД. Целта на тркалезната маса беше преку продуктивна дискусија да се споделат досегашните позитивни искуства и практики во насока на подобрување на меѓуетничката интеграција во училиштата, како и да се дискутираат потенцијалните начини за зајакнување и подобрување на улогата на медиумите во овој процес. Покрај отворената дискусија, кратки излагања имаа и претставник од ПМИО, претседателот на работната група за интегрирано образование во МОН, како и новинар којшто е вклучен во ПМИО.
- **Гостување.** Претставници од тимот на ПМИО, Министерството за образование и наука и новинар гостуваа на првата програма на македонско радио, при што со јавноста се споделија клучните постигнувања на проектот, позитивните резултати од соработката со клучните образовни институции, како и улогата на медиумите во процесот на зајакнување на меѓуетничката кохезија.
- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите на ПМИО.** Дел од активностите опфатија и редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку фејсбук страницата *Интегратика,* како и веб-страницата на проектот www.pmio.mk.
  Дополнително, активностите кои се одвиваа во рамките на училиштата (самостојни или во партнерства со другите училишта), во периодот имаа медиумска поддршка и покриеност.

### Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците

- **Реализација на Работилница за членовите на Комисијата за евалуација на апликации во рамки на програмата за училишни грантови при МОН.** Се реализираше еднодневна работилница за членовите на Комисијата за евалуација на апликации пристигнати на јавниот повик на МОН за доделување на финансиски средства за реализација на заеднички ученички активности. Целта на работилницата беше членовите на Комисијата подетално да се запознаат со критериумите за селекција на апликациите, како и да им се даде потребната поддршка за евалуација на апликациите.

- **Работилници за зајакнување на улогата на општината во промените за МИО.** Се одржаа две еднодневни работилници со претставници од општините и училиштата вклучени во продлабочена соработка. Целта на работилниците беше да се разменат искуствата со успесите и предизвиците во активностите за МИО, како и да се предложат основни документи кои што ќе бидат од корист на општините и училишата за одржлива реализација на МИО активностите.
- **Анализа на податоците од евалуацијата на учесниците во активностите со родителско учество во МИО.** Во спроведувањето на грант-програма за родителско учество во активности за МИО во девет основни училишта, вклучени беа вкупно 1115 учесници (246 родители, 117 наставници и 752 ученици). Анализата на податоците од евалуацијата на родителите и наставниците ги покажа ставовите на учесниците во врска со корисноста и придобивките од активностите, како и нивните препораки за зајакнување на родителското учество во активностите за МИО.
- **Обработка на резултатите од прашалникот за учениците-учесници на активностите „Денови на меѓуетничка интеграција“.** Направена е статистичка обработка на податоците од прашалникот кој беше спроведен со цел да се измерат ефектите кај учениците од различни етнички заедници кои учествуваа во заеднички активности во рамки на проектната активност Денови за МИО.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Стручни активи**. Во основното модел училиште „Братство Единство”, Охрид, преку стручните активи, усвоена е стратегија за одржување заеднички/интегрирани часови за сите наставници од училиштето (и одделенска и предметна настава). Предвидено е секој наставник да одржи најмалку по два заеднички часови.
- **Обуки**. Во текот на месецот претставници од основното модел училиште „Братство Единство”, Охрид учествуваа на работилница за зајакнување на улогата на општината во промените за МИО, при што улогата на модел училиштата во организација на промотивни активности и улогата на општините за одржување на МИО активностите беа истакнати.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- **Активности за реновирање.** Во тек се активностите кои се обврска на ПМИО во општинското основно музичко училиште „Лазо Мицев Рале“, општина Кавадарци.
- **Сертификати за учество на обуки.** Подготвени се сертификати за учество на обуките за одржување на училишни објекти за членови на ТРУ, секретарите на училиштата и технички персонал од 63 реновирани училишта. Вкупната бројка на печатени сертификати, односно на лица кои ќе добијат сертификат изнесува 623.
- **Месечни состаноци во 15 училишта од фаза 5 за следење на работата за одржување на училишните згради.** Сите 15 училишта реновирани во фаза 5 беа контактирани од стручни лица кои ја следат работата и процедурите за одржување на училиштата, при што им беше дадена стручна помош во однос на одржувањето на училишните згради.

**Мониторинг и евалуација**

- **Активности за мониторинг и евалуација.** Мониторинг на тековните активности на ПМИО. Обработка на податоците од евалуација на активностите реализирани за Денови за МИО. Се работеше и на подготовка на финален извештај за мониторинг и евалуација.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

**Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците**
- Организирање и одржување на дебатна конференција: Integrated Talks.
- Второ издание на Фестивалот „Биди креативен – биди интерактивен – биди интеретнички”.
- Одржување на работилници во рамките на креативните катчиња со ученици и наставници.
- Редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и прикази за текот на активностите преку фејсбук страната Интегратика и веб-страната на проектот www.pmio.mk.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**
- Продолжување со работилници за зајакнување на улогата на општината во промените за МИО.
- Зимски камп со ученици и наставници од пет основни училишта.
- Обука за студенти од педагошките факултети.

**Компонента 3 – Модел училишта**
- Работни средби со претставници од општините и претставници од СИТ од модел училиштата.
- Одржување на училишни презентации за внесени промени и ефекти од МИО активностите во две Модел училишта.
- Училишна приредба по повод патрониот празник на ОУ „Санде Штерјоски”, Кичево.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**
- Активностите за реновирање и технички прием на реновираниот училиштен објект во ОМУ „Лазо Мицев Рале“, општина Кавадарци по завршување на градежните активности.
- Состанок со работната група на компонента 4.
- Месечни состаноци во 15 училишта од фаза 5 за следење на работата за одржување на училишните згради.
- Подготовка на конференција за презентирање на добри практики за одржување на училишта за технички персонал од 63 реновирани училишта.

**Мониторинг и евалуација**
- Финализирање на финален извештај за Мониторинг и евалуација.
- Активности со работната група за МИО при МОН.